ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-8268/9
Дата, Data 06-11-2026
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 144/25), в.д Директорот на ЈП Водовод и канализација донесува:

ОДЛУКА
за избор на кандидат по интерен оглас број 09/2026

За извршител на работно место:

1. Советник за финансиско сметководство, со шифра КДР0102В01101, во Одделение за сметководство, во Сектор финансии, сметководство и комерција, ниво В01, 1 (еден извршител), се избира кандидатот:

   Јелица Милошевска

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од став 1 на оваа Одлука по завршувањето на постапката за избор и конечноста на Одлуката, за што ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 19.10.2026 година на веб страната на ЈП Водовод и канализација- Скопје и веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен оглас за пополнување на работното место: Советник за финансиско сметководство, со шифра КДР0102В01101, во Одделение за сметководство, во Сектор финансии, сметководство и комерција, ниво В01, 1 (еден извршител), со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.0401-8268/6 од 03.11.2026 година, по спроведена административна селекција и разгледување на пријавите и изводите од персоналните досиеја на пријавените кандидати констатира дека на интерниот огласот вкупно е пријавен 1(еден) кандидат со пријава со арх.бр.0401-8268/4 од 21.10.2026 година доставена од административниот службеник Јелица Милошевска која е уредна, и за тоа состави Записник од административна селекција бр. 0401-8268/7 од 05.11.2026 година кој го достави до в.д Директорот.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник по спроведеното интервју со кандидатот, изготви и достави до в.д Директорот финална ранг листа бр. 0401-8268/8 од 05.11.2026 година.

Врз основа на финалната ранг листа, в.д Директорот изврши избор како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од објавување на Одлуката на web страната.

Доставено до:
-Сектор за човечки ресурси;
-Архивата;
-Именуваните;
-Архива на директорот

ЈП Водовод и канализација – Скопје
в.д Директор
м-р Иван Митровски

Изработил: Весна Богеска Јарева
Контролирал: Убавка Бачева
Одобрил: Горан Михајлов